Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 261/0306
23.11 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавната седница одржана на 27.10.2023 година, врз основа на примена жалба од Александар Методијев го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

**Веб порталот „Глобус магазин“ (globusmagazin.mk) со текстот насловен „ДОЈРАНСКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСПА?“ отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 8 октомври 2023 година, Александар Методијев поднесе жалба за текст со наслов „Дојранско решение за Преспа?“, објавен на 12 септември 2023 на Глобус магазин.

Во жалбата, жалителот реагира дека авторското дело е објавено на веб-порталот „Глобус“ без да се наведат имињата на авторите. Дополнително, во жалбата се тврди дека се објавени фотографии без предадени авторски права и вметнати се реченици во авторскиот текст кои всушност претставуваат лажна информација.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со веб-порталот „Глобус магазин“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и едногласно одлучи дека во текстот се **прекршени член 3 и член 12 од Кодексот на новинарите на Македонија**.

Членовите на комисијата за жалби утврдија дека е прекршен членот 12 од Кодексот, според кој **„плагијаторството е неприфатливо“**, односно дека **„доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар“.**

Според членот 3, **новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.**

*При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Глобус магазин“ не е член на Советот за етика во медиумите и на Регистарот на професионални онлајн медиуми.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На јавната седница на 27 октомври 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина.

Комисијата констатира дека станува збор за објавена сторија на ТВ24 и Nota.mk. Делови од оваа сторија се искористени на веб-порталот Глобус магазин, вклучително и дел од фотографиите.

Жалителот во својата претставка тврди дека до Глобус магазин реагирал на 18 септември преку електронска пошта и ден претходно преку коментар на пост на Фејсбук, но медиумот не направил никаква измена во текстот како што било сугерирано од страна на еден од авторите, во случајов жалителот Александар Методијев. Жалителот тврди дека станува збор за негов авторски текст и на колешките Сузана Мицева од Македонија и Елона Елези и Есмералда Топи од Албанија, а медиумот го има преземено истражувањето правено меѓу мај и август 2023 година и ги има избришано имињата на авторите и има додадено дел што не е точен и погрешен опис на фотографија.

Комисијата за жалби утврди дека медиумот „Глобус“ не постапил на ниту еден начин во однос на реакциите на еден од авторите на прилогот, односно не ги исправил недоследностите кои биле укажани од страна на Методијев, што е спротивно на членот 3 од Кодексот.

На крајот од текстот во „Глобус“ поставен е линк до оригиналниот текст од Nota.mk. Сепак, Комисијата за жалби едногласно утврди дека во текстот се направени погрешни интервенции, а дополнително се преземени и фотографии, без атрибуција, односно без согласност. Медиумот „Глобус“, според Комисијата, немал доблест да спомене дека станува збор за повеќемесечен труд на друг медиум и на други автори, а линкот од оригиналниот текст е поставен најдолу од текстот, сосема незабележливо.

Членовите на Комисијата се согласија дека кога станува збор за туѓ труд, особено кога станува збор за повеќемесечно истражување, колегите треба да имаат доблест и да го вреднуваат истиот, со линкување до оригиналната содржина, без дополнителни интервенции кои ја менуваат суштината и со атрибуција на оригиналните фотографии. Членовите беа едногласни дека „извитоперувањето“ на фактите односно интервенирањето во текст, кој е авторски труд на колеги од други медиуми е непочитување на стандардите, но и на колегијалноста.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Еден од членовите на Комисијата, согласно членот 11 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, се произнесе дека за овој предмет постои конфликт на интерес и истиот се изземе од одлучувањето и од дебатата за предметот.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595